**УДК 613.83(497.7)(062)(049.3)**

# Прва национална конференција за политики за droги „Од закони до јавно здравје“ Скопје, 30. 9. 2014

На 30. 9. 2014 година во Скопје се одржа Првата национална конференција за политики за дроги „Од закони до јавно здравје“ во организација на Здружението ХОПС – опции за здрав живот, Скопје. Во предлог-агендата беше предвидено конференцијата да ја отвори министерот за здравство, Никола Тодоров, заедно со извршниот директор на ХОПС, Христијан Јанкулоски. Бидејќи Никола Тодоров не дојде на конференцијата, ниту пак други претставници од Министерството за здравство, остана да замислуваме какви би биле ставовите и активностите на една од клучните институции кога се работи за политиките за дроги во Македонија. Така остана неразјаснето што се случува со Националната стратегија за дроги, која била усвоена во јуни 2014 година, во чие изготвување учествувале и членови од граѓанскиот сектор, вклучително и членови од ХОПС во работната група, но никој од нив не го видел финалниот документ, кој е веќе усвоен. Истовремено остана неразјаснето што се случува со позицијата национален координатор за дроги на Република Македонија, која е нефункционална повеќе од една година бидејќи нема назначено лице како координатор. Затоа, пак, на конференцијата беше присутен Јинджих Воборжил, кој е национален координатор за дроги на Република Чешка, инаку член на конзервативна партија, кој сепак останал на оваа функција 4 години и покрај промената на власта во Чешка. Овој податок сам по себе е „егзотичен“ кога ќе се спореди со македонската приказна имајќи ги предвид вредностите што ревносно ги промовира македонската конзервативна влада, а во чии рамки не влегуваат корисниците на дроги или пак другите маргинализирани заедници. Секако дека оваа констатација може да се должи на моите предрасуди, но отсуството на министерот или на претставници од Министерството за здравство не придонесува во коригирањето на ваквите „предрасуди“. Затоа Христијан Јанкулоски, извршниот директор на ХОПС, со право не ги извини претставниците од Министерството за здравство, бидејќи секцијата насловена како „Национални политики за дроги, искуства од Европа и Македонија“ остана ограничена на некои официјални претставници од Европа. Искуствата од Македонија беа презентирани од перспективата на граѓанските организации, главно на ХОПС, најпрво преку исклучително информативното излагање на Наташа Бошкова, адвокатка во ХОПС. Наспроти потребата од хуманизирање на политиката за дроги во Македонија, декриминализирање и социјална и здравствена поддршка (бидејќи освен што се хумани, тие се и економски поефикасни стратегии според искуствата на Чешка), Македонија избира сузбивање, казнена политика, криминализирање на употребата на дрога. Ова повторно ги полни „предрасудите“ од погоре поради актуелната пракса законот да се толкува на построг начин од она што е пропишано, во случајов, кога станува збор за корисниците на дроги. Во тој контекст оди и овој илустративен пример: и покрај фактот што држење и пренесување дрога за лична употреба не е санкционирано според Кривичниот законик,

сепак, од октомври 2012 до декември 2013 година, 600 поединци се кривично гонети, наспроти само деветмина што се гонети прекршочно, што посочува на една чудна логика според која во Македонија има повеќе дилери отколку корисници на дрога. Иронично утешително, во смисла „секогаш има и пострашни ситуации од нашата", беше излагањето на Иван Варенцов од Фондацијата Андреј Рилков од Русија. Според ваквата строга казнена политика, важи констатацијата на Христијан Јанкулоски дека за хуманата и ефективна политика за droги многу повеќе придонесуваат меѓународните организации отколку националните институции. Според Влатко Деков, оваа политика на изолација, дискриминација, казнување што треба да подразбира превоспитување, придонесува кон дополнително стигматизирање на корисниците на дрога.

Во втората секција насловена „Човекови права на корисниците на дроги" говореа Јака Битенц од Социјалниот клуб за канабис од Словенија, Жарко Трајаноски од Коалицијата „Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници" и Вања Димитриевски, програмски асистент во ХОПС. Одредени излагања, како на пример оние на Наташа Бошкова и на Жарко Трајаноски, предизвикаа реакции од некои претставници на јавните институции што се соочуваат со корисниците на дроги, судството и полицијата. Во овие дебати „спротивставени страни" беа претставниците на граѓанскиот сектор, кои се во секојдневен контакт со корисниците на дроги и заради оваа нивна целна група зборуваа за нивните проблеми, и од другата страна – претставниците на јавните институции, кои исто така се соочуваат со корисниците на дроги, но токму оваа група што всушност беше предмет на дискусија кај нив беше заменета со трговците со дрога. Поради тоа, останува нерешена дилемата дали ова идентификување на корисниците на дроги со трговците со дроги е последица на недоразбирање или пак е последица на стереотипното идентификување на сите оние што имаат некаква врска со дрогата и нивното сместување под категоријата – криминалци. Така се добива впечаток дека постои сериозен недостиг на капацитет за соодветно третирање на маргинализираните заедници од страна на јавните институции, и тоа најчесто се должи на лаичкиот пристап кон корисниците на дроги. Повторно овој лаички пристап веројатно се должи на сериозниот недостиг на капацитет за разбирање и толерирање на разликите, односно на неподготвеноста да се преиспитаат сопствените стереотипи евентуално преку едукација, што се покажа како многу типично за одредени професионалци од јавните институции на оваа конференција. Оваа претпоставка најочигледно се наметна поради употребената терминологија во дискусиите каде речиси задолжително отсуствуваше терминот корисници на дроги кај претставниците од јавните институции. Нивните анализи главно се однесуваа на трговците со дрога (според изјавите дека на таквите луѓе местото им е во затвор или дека општеството треба да се заштити од поттикнувачи), или пак кога требаше некако да се именуваат, а тоа да не биде некој навредлив популарен термин заради политичка коректност, изнаоѓањето на соодветен термин никако не им одеше од рака: „ваши... како да ги наречам... интервју што сте вршеле" ... „одредени изјави на овие..." ... „некои од тие...". Иако звучи романтичарски да се зборува за капацитет за разбирање и толерирање на разликите, или за преиспитување на сопствените стереотипи за некој професионалец што се занимава со една „егзактна" материја како што е правото, сепак токму на судиите што им пресудуваат на корисниците на дроги, а според наведениот податок погоре дури 600

наспроти 9 биле прилично строго осудени, можеби им е потребно да внесат малку „поетичност“ во сопствената пракса. Материјата на оваа „егзактна“ наука секако дека е подложна на различни интерпретации. Најпосле пресудите секако дека зависат, покрај егзактните методи, и од субјективните аспекти, односно од субјектот ставен во позиција на судија. Тука мислам на неговиот карактер, на неговите лични ставови, емоции, искуства, предзнаења, образование или едукација за конкретниот проблем, личните предрасуди... (листата е речиси неисцрпна), односно на сето она што го сочинува неговиот референтен систем. Колку и да звучат банално наведените елементи на субјективниот референтен систем, тие неизбежно се мешаат и секако ја комплицираат строгата егзактност на науката (и тоа е така и кај физичарите, математичарите и другите „природњаци“ како најегзактни меѓу егзактните), а особено кога луѓе се ставени во позиција да пресудуваат за други луѓе. Бранењето на сопствената фела (судството и полицијата) во стилот „...во Скопје такви ситуации немало, ниту пак ќе има“ во овој контекст, изгледа по малку наивно.

Во последната секција насловена како „Модели за регулирање на дрогите. Кој модел е најсоодветен за Македонија?“ свои искуства презентираа Влатко Деков, програмски менаџер во ХОПС, Никола Тупанчевски, Правен факултет, и Славица Гајдаѕис-Кнежевиќ, Институт за брак и семејство. Заклучоците одат во правец на неопходно хуманизирање на политиката за дроги во Македонија, но за имплементирање на хуманата пракса се чини дека сѐ уште нема расположение ниту капацитет од соодветните институции.

Ана Ашталковска Гајтаноска